Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
Бр. 02-2/8
3.2. 2025 год.

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Република Македонија бр.82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019) и член 65 од Статутот на Архитектонскиот факултет( Универзитетски гласник бр.473/2019), Деканот на Факултетот на ден 3.2.2025 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Архитектонскиот факултет – Скопје

Член 1

Се распишуваат избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Архитектонскиот факултет – Скопје ( во натамошниот текст: Факултетот)

Член 2

Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат на ден 27.2.2025 година (четврток), по електронски пат преку лиценцирана платформа за електронско гласање, во периодот од 10.00 до 14.00 часот.

Член 3

За спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание се именува изборна комисија во следниот состав:

1. Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, претседател
2. Доц. д-р Благоја Бајковски, член
3. Бојана Исијанин, студент
4. Бојана Вуковојац, студент
5. Јована Стојановиќ, студент

Член 4

Се задолжува Изборната комисија од член 3 на оваа одлука, изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот, да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Факултетот во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Член 5

Се задолжува Изборната комисија од член 3 од оваа одлука да донесе Упатство со кое се утврдува нејзината работа и начинот на спроведување на изборите.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се доставува до сите студенти запишани во зимскиот семестар на Факултетот на нивните е-маил адреси и се објавува на веб страницата на Факултетот и огласната табла на студентската служба.

Д е к а н,

Проф. д-р Анета Христова Поповска